Дневни биллтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 22.04.2023

На 21.04.2023 во 23.15 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Г.К.(44) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 22.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.А.(30) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.04.2023 во 00.45 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Н.(34) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 22.40 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Полициската станица Карпош го лишиле од слобода Д.С.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 15.45 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници ги лишиле од слобода К.М.(21) и Б.М.(38) двајцата од Гостивар, затоа што кај нив била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 19.10 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Ѓ.Г.(44) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 16.55 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.А.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 12.40 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Љ.Н.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 15.20 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.З.(25) и А.Б.(28) двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 23.20 часот било пријавено дека во Скопје на крстосницата од бул."Климент Охридски" и ул."Св.Кирил и Методиј" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило "фолксваген туран" со скопски регистарски ознаки управувано од Ч.Д.(57) од Скопје и возило "мерцедес" со кумановски регистарски ознаки сопственост на Итна медицинска помош управувано од В.С.(23) од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Ч.Д., а со телесни повреди се здобиле возачот на возилото од Итна медицинска помош, сопатничката од истото возило А.К.(40) и лицето кое се превезувало како пациент Ж.Ц.(72) двајцата од Куманово констатирани во Комплексот клиники "Мајка Тереза" и Градската општа болница "Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.04.2023 во 14.35 часот било пријавено дека на регионалниот пат Градско-Прилеп кај превој Плетвар мотоциклист "сузуки" со скопски регистарски ознаки, управуван од Б.Ј.(20) од Скопје, излетал од коловодот. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 21.04.2023 во 13.15 часот било пријавено дека во Винница на крстосницата од ул."Браќа Миладиновци" и ул."Плачковички одред" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило "форд фиеста" со винички регистарски ознаки, управувано од Р.Т.(49) од с.Градец-виничко, и мотоцикл „кавасаки" со винички регистарски ознаки, управуван од З.С.(20) од Винница. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, а со телесни повреди се здобил сопатникот од мотоциклот И.Т.(23) од Винница, констатирани Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Винница.

На 21.04.2023 во 06.10 часот од страна на полициски службеници од ОВР Берово, по претходна судска наредба, бил извршен претрес во с.Умлена-печенјско во домот на А.Б.(49) при што биле пронајдени и одземени: сигнален пиштол, 44 куршуми, како и пиротехнички средства. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 17.35 часот во Полициската станица Аеродром С.О.(37) од Скопје пријавила дека на бул."Јане Сандански" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 22.04.2023 во 00.05 часот на ул."Антон Попов" полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Е.М.(36) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело тешка кражба во стан. Тој бил затекнат на местото на настанот од полициските службеници, кои веднаш го лишиле од слобода. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 околу 10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Катланово имало паднато машко лице А.А.(68) во шахта. Според пријавеното, додека се движел пешки А.А. паднал во необележана ископана шахта за одвод, по што починал. Од лекар од Итна медицинска помош констатирана била смрт. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.04.2023 во 07.11 часот во СВР-Штип од КПД Затвор-Штип било пријавено дека во една од собите бил пронајден починат осуденикот Д.М.(68) од с.Спанчево на кого претходно му се слошило и бил пренесен во Клиничката болница Штип за укажување на лекарска помош, по што повторно бил вратен во КПД Затвор Штип, каде по кратко време починал. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

Денеска (22.04.2023) во 04.00 часот Ф.И.(38) од Прилеп пријавил дека околу 00.40 часот пред угостителски објект во Прилеп бил нападнат со остар предмет од страна на М.С.(25) од Прилеп. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.04.2023 во 10.15 часот било пријавено дека во Скопје на ул."1737" настанал пожар во две помошни простории, сопственост на Б.В.(59) од Скопје. Од страна на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.04.2023 во 13.19 часот било пријавено дека во Прилеп на ул."Андон Слабејко" настанал пожар во објект (поранешна фабрика за чевли). Пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица Прилеп.

На 21.04.2023 во 14.40 часот Р.Ј.(57) од с.Бельковце-кумановско пријавил дека околу 13.00 часот додека бил на своето работно место во фирма во место викано "Пашина Воденица" во Крива Паланка бил физички нападнат од С.Ј. од Куманово, исто така вработен во фирмата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.04.2023 во 22.30 часот И.А.(52) од Радовиш пријавил дека околу 17.00 часот во Радовиш бил физички нападнат од А.С, Е.Б. и уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.04.2023 во 02.05 часот во СВР Скопје од Комплексот клиники "Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив бил донесен малолетник од Скопје со повреди здобиени од физички напад. Според пријавеното, околу 00.30 часот на подрачјето на Центар малолетникот и уште еден негов другар биле физички нападнати од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.04.2023 во 01.50 часот на подрачјето на Кисела Вода од полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода бил лишен од слобода Ш.У.(34) од Скопје поради тоа што околу 01.00 часот во домот со стаклен предмет физички го нападнал неговиот 28 годишен брат и му се закканувал со остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.04.2023 во 01.12 часот С.В.(21) од Скопје пријавил дека околу 01.05 часот на подрачјето на Аеродром во угостителски објект, додека бил на своето работно место, бил физички нападнат од неговиот колега Д.В.(33) од Скопје кој употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 19.30 часот во Полициската станица Кавадарци од Општата болница Кавадарци било пријавено дека кај нив бил донесен со повреда од огнено оружје З.Р.(26) од с.Крани-ресенско, кој, според пријавеното, додека бил во с.Сирково-кавадаречко околу 18.00 часот чистејќи ја ловната пушка, која ја поседувал со дозвола, се повредил во пределот на ногата. Извршен бил увид од полициски службеници од Полициската станица Кавадарци.

На 21.04.2023 во 19.00 часот полициски службеници од Полициското одделение Ролотово го лишиле од слобода А.М.(53) од с.Дебреште поради тоа што околу 18.40 часот во с.Дебреште физички нападнал полициски службеници при извршување службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 22.04 часот било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба во спортска обложувалница едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.04.2023 во 08.00 часот во Битола на ул."8-ми Септември" полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода А.Р.(20) и А.И.(20) двајцата од Битола кои биле со патничко моторно возило "бмв х5" со битолски регистарски ознаки, поради добиена пријава околу 07.00 часот дека А.И. пукал на ул."Џане Василев". При прегледа во возилото биле пронајдени и одземени пиштол и девет куршуми. Нема повредени лица, а на местото на настанот биле пронајдени и подигнати две чаури. Известен бил Завен обвинител и по целосно расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (22.04.2023) полициски службеници од СВР Струмица го лишија од слобода Г.П.(40) од Струмица поради основано сомнение за сторено кривично дело тешка кражба од маркет во Струмица. При претрес во домот на Г.П. пронајдени се 663 кутии цигари, украдени од маркетот. Г.П.: е задржан во полициска станица и по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 21.20 часот било пријавено дека во Скопје на ул."Владимир Полежиноски" имало опожарен пластичен контејнер. Пожарот бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита.

На 21.04.2023 во 11.45 часот Ј.К.(58) од Скопје пријавил дека околу 09.45 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од Б.В.(59) од Скопје и уште едно женско лице. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 10.25 часот на подрачјето на Гази Баба од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил приведен В.С.(23) од Скопје поради тоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 11.00 часот Б.Р.(42) од Скопје пријавил дека околу 10.50 часот на подрачјето на Драчево бил физички нападнат од Ѓ.Д.(66) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 околу 22 часот полициски службеници го привеле П.И.(29) од с. Велешта, кој се барал поради бегство од КПУ Затвор Струга. Малку пред тоа, П.И. на паркинг простор пред угостителски објект во Струга физички го нападнал М.Ј.(23) од с.Лабуништа-струшко.

На 21.04.2023 во 01.35 часот Б.Т.(57) од с.Катланово пријавил дека во с.Катланово во близина на неговата семејна куќа настанал пожар при што му биле опожарени и целосно изгорени околу 250 бали детелина и околу 200 бали слама. Пожарот бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита. Излезено било на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје.

На 21.04.2023 во 18.50 часот 33-годишна кумановка пријавила дека околу 14.00 часот во Куманово во домот била физички нападната од нејзиниот сопруг Н.Т.(40) од Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.04.2023 во 19.10 часот С.А.(39) од Гостивар пријавил дека околу 17.30 часот во Гостивар бил физички нападнат од Ф.А.(48) и Ј.А.(27), со кои е во роднинска врска. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Сеќој упад и злоупотреба на веб-страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Умет